**Steve Kamper**
Minister for Small Business
Minister for Lands and Property
Minister for Multiculturalism
Minister for Sport

# СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИТЕ

## Повеќе од 600.000 долари доделени на локални мултикултурни фестивали и настани

**18 јули 2023**

Владата на Нов Јужен Велс објави дека 81 организации во заедницата ширум Нов Јужен Велс беа успешни учесници во програмата на дотации за фестивали и настани „Заедно посилни“ (Stronger Together) на Multicultural NSW.

Овие организации во заедницата ќе споделат повеќе од 630.000 долари за организирање на фестивали и настани во текот на следните осум месеци.

Програмата на дотации за фестивали и настани инвестира во заедниците и ја слави културната разноличност ширум Нов Јужен Велс како драгоцен дел од нашиот идентитет и начин на живот на една од најразноличните држави во светот.

Во оваа рунда на програма организации како што се ORISCON од Дабо, Советот на етничките заедници на Олбури Водонга и Асоцијацијата на жени од Етиопија „St Mary“ од Маунт Друит ќе приредат фестивали и настани што ќе вклучат голем број организации.

Дотациите за фестивали и настани се движат од 5.000 до 15.000 долари.

За повеќе информации посетете: https://multicultural.nsw.gov.au/multicultural-nsw-grants/

**Министерот за мултикултурализам на Нов Јужен Велс Стив Кампер изјави:**

“Од Твид на север, до Олбури на југ и зад Дабо на запад, инвестираме во локални фестивали и настани за да им помогнеме на локалните жители да ги прославуваат и споделуваат нивните култури.“

“Без оглед каде живеете или посетувате во Нов Јужен Велс, секаде пшостојат можности да уживате во голем број разиграни култури на различни народи што ја сочинуваат оваа величествена држава.“

**МЕДИУМИ:** Jonathan Symons | **Minister Kamper** | 0407488158